Службен весник на Република Македонија

Број 168 **29 септември 2015, вторник** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4748.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за избор на претседател, членови и заменици членови на Советот на Собранискиот канал	**2**
4749.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија	**2**
4750.	**Одлука** за дополнување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратенчките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави	**2**
4751.	**Одлука** за изменување на Одлуката за испаќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Европската унија „Алтеа“ во Босна и Херцеговина	**4**
4752.	**Решение** од Судски совет на Република Македонија	**4**
	Огласен дел	**1-60**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4748.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 33 ставови 1, 2 и 3 од Законот за Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 104/2009), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 септември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ - ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА СОБРАНИСКИОТ КАНАЛ

I. Во Одлуката за избор на претседател, членови и заменици - членови на Советот на Собранискиот канал („Службен весник на Република Македонија" број 104/2014 и 155/2015), во точката I. За претседател на Советот на Собранискиот канал, по зборовите: „се избира“ се додаваат зборовите: „Рената Дескоска“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4522/1
28 септември 2015 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

4749.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членот 26 ставови 2 и 3 од Законот за Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/2009), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 септември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА БУЏЕТСКИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за утврдување на составот на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 104/14 и 155/15), во точка II. Заменик-претседател на Буџетскиот совет на Собранието на Република Македонија, по зборовите: „на Република Македонија е“ се додаваат зборовите: „Марјанчо Николов“.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4523/1
28 септември 2015 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

4750.

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 19 и 20 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/14), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 септември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ПРАТЕНИЧКИТЕ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ПАРЛАМЕНТИ НА ДРУГИ ДРЖАВИ

Член 1

Во Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави и избор на претседатели и членови на пратеничките групи на Собранието на Република Македонија за соработка со парламенти на други држави („Службен весник на Република Македонија“ број 100/14, 104/14, 111/14, 148/14, 165/2014 и 51/15), во членот 3 точка 1. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Австрија под а) претседател, се додаваат зборовите: „Васко Ковачевски“.

Во точката 2. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Албанија, под б) членови, во точките 6. и 7. се додаваат зборовите:

„6. Јован Митрески и

7. Бетиане Китев “.

Во точката 3. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Австралија и со Парламентот на Нов Зеланд, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите:„ Горан Мисовски“.

Во точката 4. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на балтичките земји Република Естонија, Република Латвија и Република Литванија, под б) членови, во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5. Хари Локвенец и

6. Јагода Шахпаска“.

Во точката 5. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Белгија, под а) претседател, се додаваат зборовите: „ Милева Ѓоргиева“.

Во точката 7. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Бугарија, под б) членови во точката 5. се додаваат зборовите: „Љубомир Јосифовски“.

Во точката 8. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Блискиот и Средниот Исток, под а) претседател се додаваат зборовите: „Сашо Поцков “.

Во точката 10. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Грција, под а) претседател се додаваат зборовите: „ Љубомир Јосифовски “.

Под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5 Јулијана Силјановска и

6. Томислав Тунтев“.

Во точката 11. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Данска, под б) членови, во точката 6. се додаваат зборовите: „ Ален Георгијев“.

Во точката 12. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Индонезија под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5. Стефан Богоев и

6. Горан Мисовски“.

Во точката 13. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Државата Израел, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5. Лидија Димова и

6. Соња Мираковска“.

Во точката 14. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Исламската Република Иран, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Петре Шилегов“.

Во точката 15. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Ирска, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Лидија Димова“.

Во точката 16. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентите на Република Исланд и Кралството Норвешка, под а) претседател се додаваат зборовите: „Марјанчо Николов“.

Под б) членови, во точката 6. се додаваат зборовите: „Горан Милевски“.

Во точката 17. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Италија, под б) членови во точките 6. и 7. се додаваат зборовите:

„6.Марјанчо Николов и

7. Миле Андонов“.

Во точката 18. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Јапонија, под а) претседател се додаваат зборовите: „Рената Дескоска“.

Под б) членови по точката 6. се додава нова точка 7., која гласи:

„7. Енес Ибрахим “.

Во точката 19. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Канада, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Горан Милевски“.

Во точката 20. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Народна Република Кина, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Горан Сугарески“.

Во точката 21. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Косово, под б) членови во точката 7. се додаваат зборовите: „Енес Ибрахим “.

Во точката 22. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на земјите од Латинска Америка и од Карибите, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5. Дуфе Кукоски и

6. Марјанчо Николов“.

Во точката 23. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Големото Војводство Луксембург, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5.Хари Локвенец и

6.Стојко Пауновски“.

Во точката 24. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на Република Малта и Република Кипар, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5.Стојко Пауновски и

6.Миле Андонов“.

Во точката 25. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Монголија, под б) членови во точките 5. и 6 се додаваат зборовите:

„5.Горан Сугарески и

6.Јован Митрески“.

Во точката 26. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5.Софија Куновска и

6. Дуфе Куковски“.

Во точката 27. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Полска, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Биљана Настеска“.

Во точката 28. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Португалската Република, под а) претседател се додаваат зборовите: „Марјан Даскаловски“.

Во точката 29. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Романија, под б) членови во точките 4., 5. и 6. се додаваат зборовите:

„4. Јулијана Силјановска,

5. Марјан Даскаловски и

6. Јагода Шахпаска “.

Во точката 30. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Руската Федерација, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5. Љубиша Николиќ и

6. Соња Мираковска “.

Во точката 31. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на САД под б) членови во точката 7. се додаваат зборовите: „Бетиане Китев“.

Во точката 32. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Словачката Република, под а) претседател се додаваат зборовите: „Благоја Стојановски“.

Во точката 34. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Србија, под б) членови во точките 5. 6. 7. и 8. се додаваат зборовите :

„5. ТомиславТунтев,

6. Биљана Настеска,

7. Милева Ѓоргиева и

8. Сашо Поцков“.

Во точката 35. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Турција, под б) членови во точките 6. и 7. се додаваат зборовите:

„6. Енес Ибрахим и

7.Стефан Богоев“.

Во точката 36. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Украина, под а) претседател се додаваат зборовите: „Горан Милевски“.

Под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Јован Митрески “.

Во точката 37. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот Република Унгарија, под а) претседател се додаваат зборовите: „Панче Орцев“.

Под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Соња Мираковска“.

Во точката 38. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Финска, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5.Петре Шилегов и

6. Панче Орцев“.

Во точката 39. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Францускатa Република, под а) претседател се додаваат зборовите: „Љубиша Николиќ“.

Под б) членови по точката 6. се додава нова точка 7., која гласи:

„7. Миле Андонов“.

Во точката 40. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Холандија, под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Софија Куновска“.

Во точката 41. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Хрватска под б) членови во точките 6. и 7.се додаваат зборовите:

„6.Љубиша Николиќ и

7. Стефан Богоев.“.

Во точката 43. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Чешката Република, под а) претседател се додаваат зборовите: „Петре Шилегов“.

Под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Стојко Пауновски“.

Во точката 44. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Швајцарската Конфедерација, под а) претседател се додаваат зборовите: „Милева Горгиева“.

Под б) членови во точките 6. и 7. се додаваат зборовите:

„6. Јагода Шахпаска и

7. Мира Стојчевска“.

Во точката 45. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Шведска, под а) претседател се додаваат зборовите: „Мира Стојчевска“.

Под б) членови во точката 6. се додаваат зборовите: „Бетиане Китев“:

Во точката 46. Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Кралството Шпанија, под б) членови во точките 5. и 6. се додаваат зборовите:

„5.Љубомир Јосифовски и

6.Благоја Стојановски“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4524/1
28 септември 2015 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

4751.

Врз основа на член 41 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија”, број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/11 и 151/11), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 28 септември 2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПРАЌАЊЕ НА ПРИПАДНИК НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА УЧЕСТВО ВО МИРОВНА ОПЕРАЦИЈА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА, „АЛТЕА“ ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

1. Во Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа“ во Босна и Херцеговина („Службен весник на Република Македонија“ број 116/15), точката 2 се менува и гласи:

„2. Припадникот на Армијата од точка 1 од оваа одлука, се испраќа за период од шест месеци, сметано од јули 2015 година до декември 2015 година.“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-4526/1
28 септември 2015 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

4752.

Судскиот совет на Република Македонија согласно член 31 став 1 алинеја 3, член 47 став 1 т.1 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015 и 61/2015) в.в. со член 73 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 35/2008 и 150/2010), на ден 23.9.2015 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува престанок на судиската функција на Бојан Ефтимов, судија на Основен суд Скопје 1 Скопје, по сопствено барање.

Со денот на престанокот на судиската функција на судијата му престанува правото на плата како судија заклучно со 29.9.2015 година.

Решението ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 02-1618/2
25 септември 2015 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
Бранко Ушковски, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди” бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015168